Врз основа на член 32, став 6 од Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04), министерот за животна средина и просторно планирање донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕРАБОТКА, ТРЕТМАН И/ИЛИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ОТПАД, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ДОЗВОЛАТА КАКО И МИНИМАЛНИТЕ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА ПРЕРАБОТКА, ТРЕТМАН И/ИЛИ СКЛАДИРАЊЕ НА ОТПАД

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на дозвола за преработка, третман и/или за складирање на отпад, формата и содржината на дозволата како и минималните технички услови за вршење на дејноста преработка, третман и/или складирање на отпад (во понатамошниот текст дозвола).

## II. ФОРМА И СОДРЖИНА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ПРЕРАБОТКА, ТРЕТМАН И/ИЛИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ОТПАД

### Член 2

(1) Барањето за добивање на дозвола е во А4 формат во бела боја.

(2) Содржината на барањето за добивање на дозвола е дадена на образец - Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

### Член 3

(1) Кон барањето за добивање на дозвола, се приложува и следната документација:

- Решение за упис во трговскиот регистар;
- Изјава дека барателот ќе води посебна сметка и одвоена евиденција за секоја од дејностите што ги врши и дека ќе изготвува финансиски извештаи кои ќе обезбедат податоци за средствата, обврските, капиталот, приходите и расходите со резултатите од работењето, финансиските трансакции на претпријатието, сметководственото работење на претпријатието, како и консолидирани финансиски извештаи доколку барателот врши две или повеќе дејности од јавен интерес;
- Потврда дека против барателот, со правосилна судска одлука не е изречена мерка за безбедност, забрана за вршење на определена дејност или забрана за вршење на професија;
- Потврда за финансиска гаранција или соодветно осигурување, кое би било доволно за покривање на трошоците за справување со отпад и трошоците за елиминирање на штетните ефекти од дозволените дејности без оглед дали настанале за време или по истекот на дозволата;
- Записници, решенија или заклучоци за последните извршени инспекциски надзори за постоечките инсталации од страна на надлежни инспекциски органи;
- Одобрение за изградба на инсталација за складирање, третман, преработка на отпад (постојни инсталации);
- Решение за одобрување на студијата за оценка на влијание врз животната, или одобрение на елаборатот за заштита на животната средина согласно Законот за животната средина;

- Изјава за веродостојност на дадените податоци и на документацијата, потпишана од барателот или лицето овластено за застапување и претставување на барателот дадена на образец - Прилог 2 и е составен дел на овој правилник;

- Потврда за уплатена административна такса.

- Полномошно заверено од овластено лице на барателот, доколку барателот го застапува и претставува друго лице или адвокат.

(2) Барањето за добивање на дозволата за преработка, третман, и/или за складирање на отпад се поднесува во три примероци во писмена форма.

(3) Барањето треба да биде потпишано од барателот или лицето овластено за застапување и претставување на барателот и заверено со печат на барателот.

## III. ФОРМА И СОДРЖИНА НА ДОЗВОЛАТА

### Член 4

(1) Дозволата се состои од два дела:

1) Првиот дел на дозволата, односно првата страна ги содржи следниве податоци:

- Грбот на Република Македонија со натпис Република Македонија кој се наоѓа над грбот и натпис Министерство за животна средина и просторно планирање кој се наоѓа под грбот поставени во централна позиција;

- Име и вид на дејноста која се врши врз основа на дозволата;

- Датум кога е издадена и датум до кога важи дозволата;

- Матичен/даночен број на операторот;

- Печат на Министерството за животна средина и просторно планирање и потпис на овластено лице.

2) Вториот дел на дозволата ги содржи следниве податоци:

- Опсег на дозволата

а) Вид и количина на отпад кој се преработува, третира и/или складира;

- Раководење со локацијата

а) Број на вработени и нивна стручна спрема и други квалификации на вработените за вршење на дејноста и техничка опременост.;

б) Податоци за управител со отпад, односно за одговорно лице;

- Податоци за локацијата

а) Означување на локацијата;

б) Систем на обезбедување;

в) Услови за внатрешен транспорт на отпад;

г) Начин на чување на документација за отпадот;

- Начин на работа при повторно отпочнување со работа на инсталацијата и грижа за животната средина по престанок на вршење на дејноста;

а) Изготвување на планови за работа при повторно отпочнување со работа на инсталацијата и план за периодот по затворањето на локацијата со цел заштита на животната средина;

- Работа на инсталацијата

а) Програма за работа на локацијата и инсталациите;

б) Постапки за предприем и прием на отпадот;

в) Планирање на внатрешен транспорт;

г) Програми за употреба и одржување на опремата во инсталацијата;

- Емисии

а) Гранични вредности на емисиите;

- Контрола на бучавата

а) Примена на соодветни методи за контрола на бучава;

- Мониторинг

а) Инсталирање на опрема за мониторинг на емисии;
- Постапување во итни случаи
а) Програма за постапување во итни случаи;
- Водење евиденција
а) Водење на евиденција за земање на примероци, анализи и испитувања и друг вид на евиденција согласно законот;
- Известување и поднесување на извештаи
а) Постапка на известување за промени во локацијата;
б) Начин на редовно известување;
(2) Дозволата се изработува во А4 формат во бела боја.
(3) Дозволата е дадена на образец - Прилог 3 и е составен дел на овој правилник.
(4) Во содржината на дозволата по потреба се внесуваат и дополнителни податоци и информации за секоја инсталација зависно од содржината на барањето.

## IV. МИНИМАЛНИ ТЕХНИЧКИ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТА

### Член 5

(1) Субјектите кои вршат складирање, третман и/или преработка на отпад треба да ги обезбедат следните општи услови :
- Складирање, третман и преработка на отпад на начин кој е безбеден за животната средина како и слични дејности за намалување на загадувањето вклучувајќи и опрема за контрола и за намалување на загадувањето.
- Начини за ефикасно идентификување, оценување и справување со значајните влијанија врз животната средина.
- Систем за следење на отпадот кој ги регистрира количината, природата, потеклото, и доколку е потребно дестинацијата, фреквенцијата на собирањето, начинот на транспортирање и методот на третман и/или преработка за секој вид на отпад .
- Водење на евиденција за секој вид на отпад кој е испорачан до објектот или инсталацијата согласно законот.
(2) Субјектите кои вршат складирање на отпад треба да поседуваат инсталација која:
- има соодветна инфраструктура на начин кој овозможува соодветно складирање на отпадот и спречување на растурање и/или излевање на отпадот и ширење на непријатен мирис и други емисии, како и други потребни услови предвидени со Правилникот за начинот и условите за складирање на отпадот, како и условите што треба да ги исполнуваат локациите на кој се врши складирање на отпадот;
- располага со опрема за селектирање на отпадот;
- располага со најмалку едно возило или помошна механизација за внатрешен транспорт на отпадот, кои треба да бидат опремени на начин на кој би се спречило растурањето и/или излевањето на отпадот.
(3) Субјектите кои вршат третман на отпад треба да поседуваат инсталација која располага со соодветна опрема за термички, физички, хемиски или биолошки третман во зависност од видот на отпадот, како и според основниот проект согласно член 36 од Законот за градење.
(4) Субјектите кои вршат преработка на отпад, треба да поседуваат инсталација за преработка на отпадот во која ќе се врши преработка на отпадот преку повторно користење, рециклирање и други видови на преработка:
- која ќе располага со соодветна опрема во зависност од видот на преработката на отпадот во согласност со фазите на основнот проект согласно член 36 од Законот за градење, како и

- соодветен начин на постапување со остатокот од преработка на отпадот во зависност од неговите карактеристиките.

(5) Субјектите кои вршат складирање на опасен отпад, покрај условите пропишани со Правилникот за начинот и условите за складирање на отпадот, треба да ги исполнат и следните услови:

- Да го складираат опасниот отпад на соодветен начин согласно видот и карактеристиките на опасниот отпад и да изготват план за превенција за спречување или целосно елиминирање на можноста за растурање, истекување или излевање на опасниот отпад;
- Складираниот опасен отпад да биде соодветно означен согласно законот за управување со отпадот;
- Инсталациите за складирање треба да бидат лоцирани на соодветна оддалеченост од други објекти, а воедно инсталацијата и опасниот отпад кој се складира во неа треба да бидат заштитени од надворешни влијанија;
- Да имаат соодветен начинот на набљудување и систем на обезбедување;
- Да го следат опасниот отпад од неговиот прием се до неговото третирање и/или преработка;
- Во инсталацијата да има простор за паркирање на возилата со кои се врши транспорт на опасниот отпад во склоп на локацијата;
- Помеѓу различните видови на опасен отпад треба да има соодветна оддалеченост согласно закон;
- Локацијата на инсталациите треба да е над евидентираните поплавни нивоа во областа во која се наоѓа;
- Објектот во кој се наоѓа инсталацијата да биде соодветно конструиран за да ги елиминира сите ризици, емисии или некомпатибилност помеѓу различните видови отпад;
- Да има соодветна внатрешната организација, така што да има доволно простор за движење и постапување како во текот на редовното работење така и во итни ситуации, според основниот проект и во согласност со Законот за градење;
- Да има соодветна опрема за заштита при работа на работниците и план и опрема за заштита од пожари согласно закон;
- Да изготват план за постапките за тестирање и одржување на опремата која се користи во инсталацијата;
- Да има непречен пристап до системот за комуникација или системот за тревога во локацијата и инсталацијата;
- Да изготват план за затворање, вклучувајќи и план за периодот по затворањето на локацијата кој се однесува на сите елементи на локацијата и сите дејности кои би можеле да предизвикаат еколошка хаварија, штета или слично загрозување на човековото здравје и животната средина;
- Да изготват план за управување и употреба на контејнерите, резервоарите и другите видови на садови за складирање на отпадот, вклучувајќи ги и начините на редовна проценка на нивната исправност.

## V. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

### Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 01.01.2008 година.

Бр. 07-1086/07
16 февруари 2007 година
Скопје

Министер,
**Имер Алиу**, с.р.

**ПРИЛОГ 1**

## ОБРАЗЕЦ ЗА БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА СКЛАДИРАЊЕ, ТРЕТМАН И/ИЛИ ПРЕРАБОТКА НА ОТПАД

**Образец -**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА СКЛАДИРАЊЕ, ТРЕТМАН И/ИЛИ ПРЕРАБОТКА НА ОТПАД**

**ОПШТИ УПАТСТВА ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ:**

- **Барањето за добивање на дозвола се пополнува електронски на компјутер, на машина за пишување или со сино пенкало;**
- **Сите глави од Барањето за добивање на дозвола (од I до XIV) вклучувајќи ги и табелите треба да бидат пополнети од страна на барателот и заедно со потребната документација да се поднесат до Министерството за животна средина и просторно планирање;**
- **Доколку Барањето за добивање на дозвола го пополнувате на компјутер, одговорите впишете ги во сивите полиња и квадрати. (Движењето по полињата се прави со притискање на Tab ⇆ командата од тастатурата или со притискање на курсорот, односно со двоен клик за пополнување на квадратите);**

| **ОБЕЛЕЖЕТЕ ДЕЈНОСТ/И ЗА КОЈА/И ГО ПОДНЕСУВАТЕ БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ДОЗВОЛА** | | |
|---|---|---|
| **Складирање** ☐ | **Третман** ☐ | **Преработка** ☐ |

**I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ**

| **1. Име на Барателот (фирма)** | **1.1 Скратен назив (фирма) на Барателот** |
|---|---|
| | |

**2. Седиште на Барателот**

| | |
|---|---|
| **Улица:** | **Телефон:** |
| **Број:** | **Телефакс:** |
| **Општина:** | **Е-пошта (e-mail):** |
| **Место:** | |
| **Држава:** | |

**3. Форма на организација на Барателот**

- ☐ Јавно претпријатие
- ☐ Трговец - поединец
- ☐ Јавно трговско друштво
- ☐ Командитно друштво
- ☐ Командитно друштво со акции
- ☐ ДОО/ДООЕЛ
- ☐ Акционерско друштво
- ☐ Стопанска интересна заедница

**4. Број на деловниот субјект – Барателот**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

**5. Број на регистарска влошка**

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | - | | - | | | - | | | |

**6. Единствен даночен број (ЕДБ)**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | |

**7. Датум на упис/регистрација**

**8. Број на решение на упис/регистрација**

**9. Име на судот/органот кој го извршил уписот**

**10. Претежна дејност (шифра и назив)**

**11. Систем на управување**

☐ Едностепен ☐ Двостепен ☐ Управител(и)

**12. Лица овластени за застапување, орган на управување и орган на надзор (за странските лица број на пасош или лична карта или друга исправа за утврдување на идентитет - важечка во нивната земја или регистарски број за правното лице).**

**12.1 Основни податоци**

**Презиме:** **Име:**

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

**ЕМБГ:**

**Државјанство:**

**12.2 Својство**

**13.3 Адреса**

| | |
|---|---|
| **Улица:** | **Телефон:** |
| **Број:** | **Телефакс:** |
| **Општина:** | **Е-пошта (e-mail):** |
| **Место:** | |
| **Држава:** | |

**12.4 Овластување во прометот**

| | | |
|---|---|---|
| ☐ Внатрешен | ☐ Неограничено | ☐ Ограничено |
| ☐ Надворешно трговски | ☐ Неограничено | ☐ Ограничено |

**13. Број на основачи на друштвото на Барателот**

**14. Подружница**

**14.1 Вкупен број на подружници**

**14.2 Назив на секоја подружница**

**14.3 Адреса на подружницата**

**Улица:**

**Број:**

**Место:**

**Општина:**

**Држава:**

**14.4 Претежна дејност на подружницата (шифра и назив)**

**14.5 Лице овластено за застапување на подружницата**

**Презиме:** **Име:**

☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐ **ЕМБГ:**

**Државјанство:**

**14.6 Адреса на лицето овластено за застапување на подружницата**

| | |
|---|---|
| **Улица:** | **Телефон:** |
| **Број:** | **Телефакс:** |
| **Општина:** | **Е-пошта (e-mail):** |
| **Место:** | |
| **Држава:** | |

**I.1 ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЛОВНОТО РАБОТЕЊЕ**

**1. Доколку врши повеќе дејности од јавен интерес, дали водите финансиска евиденција за секоја дејност поодделно?**

**ДА** ☐ **НЕ** ☐

**2. Дали против правниот субјект или против лицето овластено за застапување и преставување е донесена правосилна судска пресуда за прекршок или кривично дело ?**

**ДА** ☐ **НЕ** ☐

**I.2 ПОДАТОЦИ ЗА ОРГАНИЗАЦИОНАТА И РАКОВОДНАТА СТРУКТУРА**

**1. Опис на организационата структура на правниот субјект, бројот и квалификациона структура на вработените и техничка опременост.**

## II. ОСНОВНИ ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА ИНСТАЛАЦИИТЕ ЗА ПРЕРАБОТКА, ТРЕТМАН И/ИЛИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ОТПАД

| Тип на инсталација | Број на технолошки единици | Година на добивање на одобрението за изградба на инсталацијата | Вид на отпад во инсталацијата (според Листата на видови на отпад) | Инсталиран капацитет според дозволата за изградба на инсталацијата |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## III.РАКОВОДЕЊЕ СО ЛОКАЦИЈАТА

| Име и презиме на одговорно лице за управување со отпад | Вид на стручна спрема | Години на работно сикуство | Датум кога го положил стручниот испит за управител со отпад (доколку треба и има положено) |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |

## IV. ПОСТАПКИ НА ПРИЕМ НА ОТПАДОТ

Операторите се должни да поднесат опис на начинот на кој го примаат отпадот, инспекција на отпадот пред прием во инсталацијата, увид на превозните сертификати и начинот на тестирање на отпадот.

## V. ВИД НА ОТПАД И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

| **Шифра на отпад** | **Вид на отпад** | **Вид на произведе на енергија** | **Помошни материјали** | **Категоризација на опасност (H)** | **Моментално складирана количина (тони)** | **Годишна употреба (тони)** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

## VI. ОСТАТОЦИ ОД ПРЕРАБОТКА И ТРЕТМАН

| **Шифра на отпад** | Вид на остатоци од преработка и третман | Број од листата на видови на отпад | Количина | | Планирани операции за постапување со остатокот од отпадот | Назив и локација на операторот кој ги превзема остатоците |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Количина по месец (тони) | Годишна количина (тони) | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

## VII. ЕМИСИИ ПРИ ПРЕРАБОТКА, ТРЕТМАН И/ИЛИ СКЛАДИРАЊЕ НА ОТПАД

### 1. Емисии во атмосферата

| | |
|---|---|
| Капацитет на котелот | |
| Производство на пареа | kg/час |
| Термален влез | MW |

| Тип на гориво за котелот | Јаглен ☐ | Гас ☐ | Биомаса ☐ | Друго ☐ |
|---|---|---|---|---|
| Максимален капацитет на согорување | kg/час | | | |
| Содржина на сулфур | % | | | |
| NOx | mg/Nm3 | | | |
| Максимален волумен на емисија | $m^3$/час | | | |
| Температура | C(min) | C(max) | | |
| Периоди на работа | час/ден | денови/годишно | | |
| | | | | |

| Извор на емисија | Детали на емисијата | | | | Намалување на загадување |
|---|---|---|---|---|---|
| Референца/ број на оџак | Висина на оџак (m) | Супстанца /материја | Масен проток (mg/$Nm^3$) | Проток на воздух (Nm3/час) | Тип на Филтер/циклон/скрубер |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

**2. Емисии во површински води и канализација**

| Парамет ар | Пред третирање | | | | После третирање | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Име на супстан-цијата | Макси мален Просек на час (mg/l) | Макси мален дневен просек (mg/l) | Kg /д ен | Kg/год | Максима лен просек на час (mg/l) | Максимале н дневен просек (mg/l) | Вкупно kg/ден | Вкупн о Kg/год . | Идентитет на реципиент от (6N;6E) |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | |

**3. Емисии во почва**

**Опишете ги постапките за спречување или намалување на емисии на загадувачки супстанции во подземните и површинските води и на површината на почвата. Потребно е да се приложат податоци за познато загадување на почвата и подземните и површинските води, за историско и моментално загадување на самата локација или подземно загадување.**

## VIII. БУЧАВА

| Извор на бучава | Извор/уред | Опрема Референца/ број | Интензитет на бучава dB на означена оддалеченост | Периоди на емисија (број на часови) претпладне/попладне |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## IX. МОНИТОРИНГ И КОНТРОЛА НА ЕМИСИИ И ЗЕМАЊЕ ПРИМЕРОЦИ

| Параметар | Фреквенција на мониторинг | Метод на земање на примероци | Метод на анализа/техника | Критериум за оцена на усогласеност |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

## X. ОПИС НА СОСТОЈБАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Операторите се должни да поднесат опис на состојбата на животната средина во опсег на влијанијата на инсталацијата (биодиверзитет, воздух, вода, почва и други) и предлог програма за подобрување на работата на инсталацијата и заштита на животната средина ( податоци од студијата за оценка на влијание врз животната, или од елаборатот за заштита на животната средина согласно Законот за животната средина).

## XI. СПРЕЧУВАЊЕ НА ХАВАРИИ И РЕАГИРАЊЕ ВО ИТНИ СЛУЧАИ

Операторите се должни да поднесат опис на кој начин се врши идентификација на степенот на опасност, оцена на ризик, и опис на техниките за ограничување на ризици

## XII. БЕЗБЕДНОСТ НА ЛОКАЦИЈАТА

Операторите се должни да поднесат опис на кој начин е уреден пристапот на пратките на отпадот до инсталацијата, дневниот временскиот распоред кога се вршат операциите за преработка, третман и складирање на отпад, начинот на кој е обезбедена локацијата (висина на оградата и влезовите со кои е заградена и обезбедена локацијата, начинот на набљудување и системот на обезбедување)

## XIII. РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ОБНОВУВАЊЕ И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ

Да се земат податоци од студијата за оценка на влијание врз животната, или од Решение за одобрување на студијата за оценка на влијание врз животната, или одобрение на елаборатот за заштита на животната средина согласно Законот за животната средина.

## XIV. РЕЗИМЕ БЕЗ ТЕХНИЧКИ ДЕТАЛИ

| **Временски период за кој се бара добивање на дозволата** | **Планиран почеток на вршење на дејноста** | **Планиран истек на важењето на дозволата** |
|---|---|---|
| | | |

## ИМЕ, ПРЕЗИМЕ И ПОТПИС НА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ

**Датум и место:**

**М.П**

## ПРИЛОГ 2

# ИЗЈАВА ЗА ВЕРОДОСТОЈНОСТА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПОДАТОЦИ И ДОКУМЕНТАЦИЈА ОД СТРАНА НА ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА ВО ПРЕТПРИЈАТИЕТО

**1. Јас долу потпишаниот, изјавувам под кривична, материјална, и морална одговорност дека материјалните и финансиските податоци презентирани во прилог на барањето за добивање на дозвола, доставени до Министерството за животна средина и просторно планирање, а кои се однесуваат на претпријатието, се точни и веродостојни и во целост одговараат на фактичката состојба на барателот.**

| | |
|---|---|
| **Назив на претпријатието:** | |
| **Име и презиме на одговорното лице:** | |

| | |
|---|---|
| **Датум:** | **Место:** |
| **М.П.** | |

**Потпис на одговорното лице:**

**ПРИЛОГ 3**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

Министерството за животна средина и просторно планирање, постапувајќи по барањето за добивање на дозвола за вршење на дејноста преработка, третман и складирање на отпад поднесено од страна на ________ на ден _____200_ година издаде

**Д О З В О Л А**

**ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ**

---

- Носител на дозволата
- Седиште
- Матичен број
- Даночен број
- Датум на добивање на дозволата
- Важење на дозволата до

**М.П** **МИНИСТЕР**

## I. Опсег на дозволата

а) При вршење на дејноста складирање, пропишани со оваа дозвола правното/физичкото лице ______________________________ ја користи инсталацијата која се наоѓа на локацијата назначена во барањето бр. ____________. Согласно капацитетот на инсталацијата, правното/физичкото лице ______________________________ може да складира само отпад наведен во барањето бр. _____________, и тоа:

- До ___________ тони/ден опасен отпад;
- До ___________ тони/ден комунален отпад;
- До ___________ тони/ден друг вид на неопасен отпад;

б) При вршење на дејноста третирање, пропишана со оваа дозвола правното/физичкото лице ______________________________ ја користи инсталацијата која се наоѓа на локацијата назначена во барањето бр. __________. Согласно капацитетот на инсталацијата, правното/физичкото лице ______________________________може да врши:

- Термички третман на ____________(вид на отпад) преку постапка ____________ на отпадот, до _______ тони/ден, а за комунален отпад до ________ тони/ден;
- Биолошки третман на ____________(вид на отпад) преку постапка ____________ на отпадот, до _______ тони/ден, а за комунален отпад до ________ тони/ден;
- Физички третман на ____________(вид на отпад) преку постапка ____________ на отпадот, до _______ тони/ден, а за комунален отпад до ________ тони/ден;
- Механички третман на ____________(вид на отпад) преку постапка ____________ на отпадот, до _______ тони/ден, а за комунален отпад до ________ тони/ден;
- Хемиски третман на ____________(вид на отпад) преку постапка ____________ на отпадот, до _______ тони/ден, а за комунален отпад до ________ тони/ден.

Дејноста на вршење третман на отпад, во зависност од постапката на третман и карактеристиките на отпадот кој се третира и технологијата и постапките кои се користат, може да се врши на отворен или затворен простор од локацијата или во посебни инсталации лоцирани на неа.

в) При вршење на дејноста преработка на отпад, пропишана со оваа дозвола правното/физичкото лице ______________________________ ја користи инсталацијата која се наоѓа на локацијата назначена во барањето бр. __________. Согласно капацитетот на инсталацијата, правното/физичкото лице ______________________________ може да врши преработка преку постапките на:

- Рециклирање на отпадот, до ___________ тони/ден, а за комунален отпад до __________ тони/ден;

- Повторно користење на отпадот, до __________ тони/ден, а за комуналниот отпад до _____________ тони/ден;

- Други видови на преработка на отпадот, до _______ тони/ден,а за комунален отпад до ____________ тони/ден.

Дејноста на преработка на отпад се врши во посебни инсталации во склоп на локацијата од барањето бр. __________, во зависност од постапката на преработка и својствата на отпадот.
Приемот на отпад на локацијата назначена во барањето бр. __________, се врши од ____ до _____часот, секој ден освен недела.

## II. Раководење со инсталацијата

а) Стручна спрема и други квалификации на вработените и техничка опременост.

- Со дејноста која е предмет на оваа дозвола, раководи одговорно лице на инсталацијата на локацијата наведна во барањето бр. __________, кој ги поседува и сите потребни квалификации согласно со член 32 и и доколку е потребно и член 38 од Законот за управување со отпад.
- Во процесот на дејноста за која се издава оваа дозвола работаат работници кои се квалификувани и имаат соодветно стручна спрема и работно искуство и потребна техничка опременост.

б) Структурата на раководењето со локацијата наведна во барањето бр. __________, треба да биде во согласност со податоците наведени во дел I.2 од барањето.

## III. Податоци и Инфраструктура на локацијата

Воспоставена инфраструктура во согласност со видот на дејноста за која се издава дозволата и техничките и технолошките услови наведени во барањето за добивање на дозволата.

а) Истакне посебна табла за известување на која ќе има информации за:
- Називот, адресата и телефонот на локацијата;
- Работното време
- Името на операторот;
- Бројот на дозволата и дејноста која се врши во согласност со дозволата;

б) Организиран соодветен систем на обезбедување на локацијата од барањето бр. ____________, кое ќе врши надзор на локацијата и ќе спречи секаков вид на недозволен движење и обид за влез во локацијата или инсталациите ( како на пр. назначено лице кое ќе биде одговорно во текот на работната смена за безбедноста на локацијата, преку изготовка на распоред за работата на одговорните лица доколку работата на локацијата е поделена во смени. За секое одговорно лице, треба да има назначено и негова замена.

в) Обезбеди посебен простор за возилата со кои се врши транспорт на отпад и опасен отпад до локацијата, во склоп на самата локација и при изнесување на отпад и опасен отпад од инсталацијата. Пристапот до локацијата и просторот во самата локација треба да биде соодветно обележан и осветлен за да овозможи услови за непречено вршење на транспорт на отпад и опасен отпад. Пристапната патека до локацијата и патеките на движење во локацијата треба да бидат соодветно широки, асфалтирани и соодветно обележани.

г) Во склоп на локацијата каде се одвива дејноста за која е издадена дозволата, треба да се обезбеди простор за чување на документацијата која се однесува на локацијата, дозволата која му е издадена, и сета придружна документација за локацијата и за дејностите кои се опфатени во обемот на дозволата, за да може во случај на вршење на контрола, инспекторите за животна средина да имаат лесен и едноставен увид.

## IV. Повторно започнување со работа и грижа за животната средина по престанок на вршење на дејностите

При повторно започнување на работа на локацијата/инсталацијата, треба да бидат обезбеди истите услови за работа кои ги исполнувала локацијата/инсталацијата при добивањето на дозволата. Проверка дали се исполнети условите за повторно вршење на дејност во локацијата/инсталацијата врши органот кој ја издал дозволата.

Операторот треба планот за грижа по затворање да го поседува во локацијата каде се врши дејноста и постојано да го ажурира во согласност со инструкциите на Министерството за животна средина и просторно планирање и интензитетот на дејностите кои ги врши како и други релевантни податоци за инсталацијата согласно овој правилник.

## V. Работа на инсталацијата

а) Во програмата за работа на локацијата, треба да има внесено начинот и постапката за прием на отпад во локацијата, начинот на селектирање на различни видови на отпад, водење на евиденција за отпадот, и лице кое е одговорно за прием на отпадот во локацијата.

б) Прием на отпад во локацијата врши лице кое е назначено одговорно лице или приемот го врши управителот со отпад доколку има. При прием на отпад во локацијата, одговорното лице врши увид во придружната документација и доколку отпадот не е од тековно производство односно таков вид на отпад за првпат се прима во локацијата, одговорното лице зема примероци преку кои ќе се изврши анализа за отпадот. При прием и анализа на примениот отпад лицето одговорно за прием води евиденција и истата ја архивира во местото означено за чување на евиденција за прием на отпад.

в) По приемот на отпадот во локацијата, истиот се транспортира до местото означено соодветно на видот на отпадот. Внатрешниот транспорт го вршат работници квалификувани за вршење на превоз со помошна механизација, со средства за транспорт со кои се спречува, а доколку тоа е невозможно, максимално се намалува ризикот за растурање, излевање и прелевање на отпадот. При прием на различни видови на отпад, лицето одговорно за прием дава инструкции за селектирање и одвојување на различните видови на отпад на работниците кои вршат транспорт на примениот отпад.

г) Во програмата за работа која се изработува и применува за локацијата за која се издава дозвола, се определуваат и услови за одржување на опремата за работа, помошната механизација со која се врши внатрешен транспорт и на технологијата која се користи во инсталацијата во зависност од дејноста која се врши. Проверката на помошната механизација, опремата за работа и на садовите за складирање се врши најмалку два пати во една календарска година, а за технологијата која се користи во инсталацијата најмалку еднаш годишно во една календарска година.

Записниците за извршената проверка се чуваат заедно со другата евиденција во просториите наменети за чување на документи.

## VI. Емисии

Гранични вредности.

6.1 Емисии во вода
6.2 Емисии во системот на канализација
6.3 Емисии во почва

## VII. Контрола на бучава

Се обезбедува услови за целосно елиминирање или максимално намалување на бучавата која се создава при вршење на дејност на локацијата. Применета на соодветни методи за контрола на бучавата.

## VIII. Мониторинг

Се врши мониторинг најмалку двапати годишно, дали се исполнети стандардите и дали се почитуваат граничните вредности кои се однесуваат на:

- Бучава
- Површински и подземни води.
- Воздух
- Системот на канализација на локацијата.

Опремата за мониторинг се инсталира на сите точки на емисија и истата е инсталирана согласно стандардите за употреба.

Операторот обезбедува безбеден и постојан пристап до мерните места, за да овозможи земање на примероци и пристап до други мерни места по барање на надлежниот орган.

## IX. Постапување во итни случаи

Во случај на непредвиден настан, веднаш се идентификува случајот и се повикува државниот инспекторат за животна средина, по потреба како и други релевантни инспектори, се спорведува истрага за идентификување на природата и причините, се изолира изворот во случај на емисија, се оценува загаденоста на животната средина доколку постои загадување.

За настанатите итни случаи, се води евиденција која ја доставува до надлежен орган по негово барање .

## X. Водење евиденција

За водење на евиденција се чува следните документи во просториите на локацијата: дозволата, постапките кои се однесуваат на дејноста, евиденција за сите земени примероци, анализи, испитувања согласно со барањето за добивање на дозвола и мониторинг на влијанијата врз животната средина.

Се води досие за секој прием на отпад на локацијата, и во секое време се обезбедува слободен пристап на инспекторите за животна средина до евиденцијата која се однесува на работата и праксата при управување со отпад на локацијата. Исто така се води евиденција за сите поплаки за работата на локацијата кои се доставени.

## XI. Известување и поднесување на извештаи

Било каква измена на локацијата се врши со претходно известување и писмена согласност со Министерството за животна средина и просторно планирање.

Доколку поинаку не е определено, сите извештаи и известувања се доставуваат освен до надлежниот орган и до инспекторатот за животна средина, и тоа еден примерок во оригинал и две копии, форматирано согласно пропишана форма, навремено и по можност и во електронска форма.

Се доставува годишен извештај за работата на локацијата, а доколку имало итен случај тогаш се доставува и извештај за истиот.